Врз основа на член 75 став (5), член 138 став (16) и член 146 став (3) од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19, 229/20, 3/25, 74/25, 250/25 и 111/26), министерката за образование и наука, донесе

**П Р А В И Л Н И К**

**ЗА НАЧИНОТ НА УТВРДУВАЊЕ НА ОПШТИОТ УСПЕХ НА УЧЕНИКОТ И НА ОЦЕНКАТА ЗА ПОВЕДЕНИЕ, ПОЛАГАЊЕ НА ОДДЕЛЕНСКИОТ ИСПИТ, ПОПРАВНИОТ ИСПИТ И ИСПИТИТЕ ЗА ПОБРЗО НАПРЕДУВАЊЕ НА УЧЕНИКОТ, КАКО И ДАВАЊЕ ПОФАЛНИЦИ И НАГРАДИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ**

Член 1

Со овој правилник се уредува начинот на утврдување на општиот успех на ученикот и на оценката за поведение, полагање на одделенскиот испит, поправниот испит и испитите за побрзо напредување на ученикот, како и начинот на давање на пофалници и награди на учениците во основното училиште.

Член 2

Општиот успех на ученикот и оценката за поведение се утврдуваат врз основа на континуирано, систематско, објективно и јавно следење, проверување и оценување на напредувањето на ученикот, во согласност со стандардите за оценување утврдени во наставните програми, како и врз основа на неговиот однос кон наставата, исполнувањето на училишните обврски и почитувањето на правилата на училиштето.

Член 3

Општиот успех на ученикот се утврдува врз основа на годишните оценки од сите предмети според наставниот план на крајот на годината, а за учениците упатени на одделенски и поправен испит по завршувањето на испитите.

Општиот успех на ученикот се утврдува врз основа на оценката која претставува аритметичка средина од позитивните оцени по наставните предмети, и тоа:

- ученикот постигнал одличен успех ако има средна оценка од 4,50 до 5,00;
- ученикот постигнал многу добар успех ако има средна оценка од 3,50 до 4,49;
- ученикот постигнал добар успех ако има средна оценка од 2,50 до 3,49 и
- ученикот постигнал доволен успех ако има средна оценка од 2,00 до 2,49.

Член 4

Ученикот се оценува и со оценка за поведение.

Оценките за поведение се: примерно, добро и незадоволително.

Член 5

Со оценката по поведение се опфаќа односот на ученикот во воспитно-образовниот процес, почитувањето на обврските во основното училиште и заедницата на паралелката, односот кон своите соученици, наставници, училишниот имот и други позитивни вредности.

Оценката по поведение на учениците од I - V одделение ја утврдува одделенскиот наставник, а на учениците од VI - IX одделение наставнички совет, по предлог на одделенскиот раководител.

Член 6

Оценката за поведение се утврдува континуирано во текот на учебната година.

Член 7

Оценките во текот и на крајот на првото, односно второто полугодие се внесуваат во педагошката евиденција и документација.

Член 8

Одделенските, поправните и испитите за побрзо напредување се полагаат во основното училиште што го посетува ученикот.

Член 9

Ученикот кој треба да полага одделенски испит и испити за побрзо напредување, односно неговиот родител/старател поднесува писмено барање до основното училиште.

Во барањето ученикот, односно неговиот родител/старател го назначува одделението и предметите што треба да ги полага.

Член 10

Одделенските, поправните и испитите за побрзо напредување се организираат и спроведуваат во согласност со наставните програми и стандардите за оценување.

Член 11

Одделенските, поправните и испитите за побрзо напредување се полагаат пред испитна комисија на основното училиште.

Испитната комисија е составена од претседател, член и член испитувач од соодветниот предмет. Испитната комисија работи во полн состав.

Член 12

Испитите може да се полагаат:

- усно;
- писмено и усно и
- писмено.

Училиштето го одредува начинот на полагање на одделните предмети во согласност со начинот на оценување на наставниот предмет.

Член 13

Усниот дел од испитот ученикот го полага со извлекување прашања при што се води сметка со нив да бидат опфатени сите делови од наставната програма.

Писмениот дел од испититот го изготвуваат, прегледуваат и оценуваат членовите на испитната комисија. Оценката мора да биде образложена.

Ученикот може да го полага усниот дел од испитот без оглед на успехот што го покажал на писмениот дел.

Член 14

По завршување на испитот, испитната комисија ја утврдува оценката ако за неа се изјасниле најмалку два члена на комисијата.

Членот на комисијата кој не се согласува со оценката, може да бара да се внесе во записникот неговото издвоено мислење.

Член 15

При утврдувањето на оценката од определен предмет се зема предвид покажаниот успех и од писмениот и усниот дел, доколку се полагаат двата дела.

Член 16

Испитната комисија е должна да обезбеди испитот да се изведува непречено и самостојно.

Член 17

Одделенските и поправните испити се полагаат во два испитни рока, во јуни и август во

тековната учебна година.

Ученикот има право одделенскиот или поправниот испит да го полага по еднаш во секој од испитните рокови.

Ученикот може да полага најмногу два предмети во еден ден.

Доколку ученикот не добие позитивна оценка по предметот, односно предметите по кои полагал испит, се смета дека не го завршил одделението и го повторува истото одделение.

За ученикот кој полага одделенски или поправен испит, училиштето обезбедува менторска и консултативна поддршка од наставниците по соодветните наставни предмети.

Распоредот за полагање на испитите се објавува на огласната табла и/или на веб-страницата на училиштето најмалку три дена пред денот определен за полагање на испитите.

Член 18

Ученикот кој има право на побрзо напредување може да полага испити за побрзо напредување по негово барање, односно на барање на неговиот родител/старател и врз основа на одлука на Наставничкиот совет, согласно закон.

Доколку барањето за побрзо напредување е поднесено и одлуката е донесена до крајот на учебната година, испитите за побрзо напредување се полагаат во редовните испитни рокови во јуни и август. По успешно положените испити, ученикот во наредната учебна година продолжува да ја следи наставата во одделението во кое напредува.

Доколку во текот на учебната година наставничкиот совет донесе одлука за побрзо напредување на ученикот, училиштето организира вонредни испитни сесии за полагање на испитите за побрзо напредување.

Испитите од ставот (3) на овој член се организираат на начин што нема да го попречуваат редовното следење на наставата од страна на ученикот.

По успешно положените испити од ставот 3 на овој член, ученикот веднаш продолжува да ја следи наставата во одделението во кое напредува.

На ученикот кој напредувал согласно ставот 3 на овој член, по завршувањето на учебната година му се издава свидетелство за одделението кое редовно го посетувал и свидетелство за одделението за кое ги положил испитите за побрзо напредување.

Училиштето е должно да обезбеди педагошка, стручна и организациска поддршка за ученикот со цел непречено вклучување во воспитно-образовниот процес во одделението во кое напредува.

Член 19

Пофалби и награди може да се доделуваат на ученик, група ученици, секција, екипа и паралелка, во текот и на крајот на учебната година.

Член 20

Ученикот може да биде пофален и награден особено за:

- успех и напредување во наставата,
- учество и постигнати резултати во воннаставни активности, натпревари, конкурси, изложби и други активности,
- примерно поведение, другарство, емпатија, почитување и помагање на другите ученици, залагање и
- придонес во активности во училиштето и локалната заедница, особено хуманитарни, културни, еколошки и општествено корисни активности.

Член 21

Пофалби и награди се доделуваат и на:

- паралелка која особено се истакнува со успех, поведение и редовност во извршувањето на училишните обврски;

- група, секција или екипа која постигнала особени резултати (прво, второ или трето место и сл.) на натпревари;

- паралелка, група и секција која постигнува најдобри резултати во одредена активност организирана во училиштето и надвор од него (производствена, хуманитарна, културна и други).

Член 22

Предлог за доделување пофалби и награди може да поднесат одделенскиот наставник, одделенскиот раководител, предметниот наставник, стручната служба, училишна комисија, Одделенскиот совет или Наставничкиот совет.

Предлогот од ставот 1 на овој член, содржи образложение за постигнатите резултати, поведението, залагањето и придонесот на ученикот, групата, секцијата, екипата или паралелката.

Член 23

Одлука за доделување пофалби и награди донесува одделенскиот совет, односно наставничкиот совет.

Пофалбите и наградите се доделуваат во текот или на крајот на учебната година.

Член 24

Пофалбите може да се доделуваат усно или писмено.

Писмените пофалби се доделуваат во форма на пофалници, дипломи и признанија.

Наградите се доделуваат согласно нивната воспитно-образовна и педагошка намена.

Член 25

Пофалниците, дипломите и признанијата ги потпишува директорот на училиштето.

За постигнати резултати на општински, регионални, државни и меѓународни натпревари, училиштето може да додели посебна пофалница или награда.

Член 26

Пофалбите и наградите се доделуваат на свечен начин, со цел поттикнување на мотивацијата, успехот, креативноста, одговорноста и позитивното однесување кај учениците.

Доделувањето на пофалбите и наградите може да се организира на патронен празник, свечена приредба, завршна манифестација, изложба, јавна презентација или друга активност организирана од училиштето.

Училиштето може јавно да ги промовира постигнатите резултати на учениците преку огласна табла, училишна интернет-страница, училишни публикации и други форми на информирање, согласно прописите за заштита на личните податоци.

Член 27

За доделените пофалби и награди училиштето води евиденција во педагошката документација.

Член 28

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на неговото донесување.

**Бр. 12-8751/1**
**01.07.2026 година**
**Скопје**

**Министерка за образование и наука,**
**проф. д-р Весна Јаневска, с.р.**